3160.

Врз основа на член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 98/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15.12.2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА, НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ – ЦАРИНСКА УПРАВА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука, на Министерство за финансии – Царинска управа бр.03-121/4 од 23.11.2009 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.19-5978/1
15 декември 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.

3161.

Врз основа на член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.98/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15.-12.2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука, на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија бр. 03-515/8 од 25.11.2009 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.19-6020/1
15 декември 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.

3162.

Врз основа на член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 98/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15.12.2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука, на Министерството за одбрана бр. 03-737/2 од 25.11.2009 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.19-6099/1
15 декември 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.

3163.

Врз основа на член 54, став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15.12.2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за финансии му престанува користењето на движните ствари – еден учебник на македонски јазик од реномирани странски автори од областа на економијата, во вкупна количина од 850 примероци и тоа:

РБ	Наслов на учебникот и автор	Назив на странската издавачка куќа	ISBN	Број на страници	Количина	Инвентарен број
1	"Macroeconomics" 6/e, („Макроекономија"), од авторите: Andrew B.Abel, Ben S.Bernanke, Dean Croushore	"Peaarson Education, Inc (publishing as Addison-Wesley	978-608-210-039-5	672	850	од 13594-14443

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука му се даваат на трајно користење на Министерството за образование и наука без надомест.

Член 3

Министерот за финансии склучува договор со министерот за образование и наука за правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука кои се даваат на трајно користење.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.19-6113/1
15 декември 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.